РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-218
28.03. 2016 година
Скопје

Врз основа на член 20 став 1 алинеји 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), а во врска со член 14 став 1 и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), точка 3 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-1622/1 од 24.03.2016 година, поради неисполнување во целост на обврската за објавување на податоци согласно член 14 став 1 од Законот за медиуми од страна на Друштвото за новинско издавачка и печатарска дејност НАМ ПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Мој дом", Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Друштвото за новинско издавачка и печатарска дејност НАМ ПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Мој дом", заради извршена повреда на член 14 став 1 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), а казнива по член 30 став 1 точка 3 и став 2 од истиот Закон, на начин што издавачот на магазинот „Мој дом", во изданието бр.50 за пролет 2016 година, само делумно постапило по Решението за преземање мерка – опомена Уп 1 бр.03-1149 од 18.11.2015 година, односно не ги објавило податоците за адресата на уредништвото на издавачот на медиумот.
Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-1622/1 од 24.03.2016 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Друштвото за новинско издавачка и печатарска дејност НАМ ПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Мој дом", во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по решението.

4. Ова Решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 година) и член 29 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 8, 14 и 15 од Законот за медиуми.

Во согласност со член 29 став 2 од Законот за медиуми, мерките кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно регулаторно тело може да ги

преземе, а кои се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од Законот за медиуми.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки против издавач на медиуми согласно со овој Закон.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за стратешко планирање и авторски права, изврши административен надзор со цел да се констатира дали субјектот на надзорот постапи по Решението Уп 1 бр.03-1149 од 18.11.2015 година. По извршениот надзор беше констатирано дека Друштвото за новинско издавачка и печатарска дејност НАМ ПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Мој дом", во изданието бр.50 за пролет 2016 година, само делумно постапило по Решението, односно не ги објавило податоците за адресата на уредништвото на издавачот на медиумот.

Повредата од точка 1 од оваа Одлука, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.03-1622/1 од 24.03.2016 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во врска со член 14 став 1 и член 29 од Законот за медиуми, точка 3 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-1622/1 од 24.03.2016 година, поради неисполнување во целост на обврската за објавување на податоци согласно член 14 став 1 од Законот за медиуми, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Друштвото за новинско издавачка и печатарска дејност НАМ ПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Мој дом", се презема мерка – опомена и му се наложи, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него издавачот на медиум може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение издавачот на печатен медиум може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**
-Писмен извештај за извршен административен надзор бр.03-1622/1 од 24.03.2016 година.

Доставено до:
- Друштвото за новинско издавачка и печатарска дејност НАМ ПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Мој дом",
- Управителот на Друштвото за новинско издавачка и печатарска дејност НАМ ПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Мој дом",
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Секторот за стратешко планирање и авторски права;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 24.03.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1622 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за новинско издавачка и печатарска дејност НАМ ПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Мој дом", и тоа:

- изданието бр.50 на магазинот „Мој дом" за пролет 2016 година

3. **Датум на извршување на надзорот:** 24 март 2016 година

4. **Предмет на надзорот:**

Контролниот надзор се врши со цел да се констатира дали Друштвото за новинско издавачка и печатарска дејност НАМ ПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Мој дом", постапило по решението за преземање мерка – опомена, кое Агенцијата му го упати по извршен редовен административен надзор. Редовниот административен надзор над овој издавач на печатен медиум беше извршен на 17.11.2015 година и со него беше констатирано дека само делумно ја исполнил обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум"*. Имено, издавачот на печатен медиум, во изданието бр.49 на магазинот „Мој дом" за есен 2015 година, не ги објавил податоците за: адресата на уредништвото на издавачот на медиумот; името и презимето на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото; датумот на печатење или препечатување; и бројот на печатени примероци.

**5. Претходно изречена мерка:**

Решение за преземање мерка - опомена бр.03-1149 од 18.11.2015 година, по спроведен редовен административен надзор на Друштвото за новинско издавачка и печатарска дејност НАМ ПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Мој дом".

**6. Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор е констатирано дека Друштвото за новинско издавачка и печатарска дејност НАМ ПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, во изданието бр.50 на магазинот „Мој дом" за пролет 2016 година самo делумно постапило по Решението, односно не ги објавило податоците за адресата на уредништвото на издавачот на медиумот.

**7. Опис на прекршувањето:**

Со надзорот на Друштвото за новинско издавачка и печатарска дејност НАМ ПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје е утврдено дека издавачот на печатен медиум не ја исполнил во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

**8. Предлог мерка:**

Имајќи предвид дека Друштвото за новинско издавачка и печатарска дејност НАМ ПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје во текот на 2016 година не е опоменето за прекршување на член 14 став 1 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 и 13/14), согласно член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се дава следната предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Друштвото за новинско издавачка и печатарска дејност НАМ ПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и согласно Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година) да му даде рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со Законот за медиуми и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.